# Мониторинг на буџетските процеси на локално ниво

Регион: Скопски

Организација Акција Здруженска Скопје

Период на реализација 16.07.2014 до 15.07.2015 г.

# *Искуства и видувања за транспрентноста на ЕЛС во скопскиот регион во однос на буџетксите процеси*

- Не се објавува „граѓански буџет„ односно поедноставена и лесно разбирлива информација за нестручна јавност.
- Веб страните на општините на прв поглед се релативно добро организирани  и едноставни за пребарување. Воедно, достапноста на самите документи е отежната со оглед на потребата од пребарување на содржината на службените гласници, и потребата од  спроведување формална постапка за пристап до информации од јавен карактер

Проектот е финансиран од Европската Унија

- Во Статутите на општините постојат одредби кои ја дефинираат транспарентноста и отчетноста на градските власти, поврзана со буџетскиот процес.
- Документите и информациите најчесто ги добивавме со барање за пристап до информации од јавен карактер, а поретко преку неформална комуникација

Проектот е финансиран од Европската Унија

# *Како добра практика во однос на транспарентноста можеме да ја издвоиме праксата на:*

Коалиција за буџетски мониторинг
www.kbm.mk

- Карпош во однос на навремената најава на седниците, дневниот ред и известување од одржана седница, како и отвореноста на советот за присуство на седниците
- Аеродром во однос на третманот при најавеното присуство на седница на советот и прибирање податоци релевантни за планирањето преку on-line анкетирање и информирање за настани (фирми и граѓански организации)
- Ѓорче Петров во однос на објавата на календарот на активности за изработка на буџет за 2015 (средби со месната самоуправа во септември на теми поврзани со потребни и планирани активности за изработка на буџетот и потребите и обврските на жителите на општината

Проектот е финансиран од Европската Унија

CEA
Center for Economic Analyses
ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕГИСКИ ИСТРАЖУВАЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈА CENTER FOR STRATEGIC RESEARCH AND DOCUMENTATION
форум

- Кисела Вода во однос ажурноста и навременото доставување на одговор на барања за пристап до информации од јавен карактер
- Илинден во однос на спроведување на форумски процес со граѓаните за планирање на буџетот (Форуми во заедниците)
- Центар во однос на воспоставување на Центарот на заедниците во општината како дел од проектот "Општина по мерка на граѓаните".
- Петровец во однос на слободниот пристап до седници на Совет без формалности само со телефонска најава
- Чучер Сандево во однос на отвореноста на вработените за доставување на буџетски документи и учество во анкетирање

# *Генерални проблеми на кој наидовме, а кои се однесуваат на повеќето општини:*

- Недостасува про-активен пристап во информирањето (делумно, тешко достапно или ненавремено)
- Недоволна подготвеност на администрација, советници/чки за анкетирање

Проектот е финансиран од Европската Унија

# Нашите препораки до општинските власти се:

Коалиција за буџетски мониторинг
www.kbm.mk

- Општините кои немаат веб страни да почнат со изработка и редовно ажурирање на официјални веб страни, а оние што не ги ажурираат редовно со информации за буџетски процеси да ја искористат можноста за зголемување на транспарентноста и подобрување на услугите и комуникацијата со граѓаните
- Информирање на граѓаните/навремено објавување на веб страната за одржување на седници на советот, дневниот ред и информации од дискусиите и одлуките
- Присуството на граѓаните на седниците да се стандардизира (овозможено без образложенија, со најава кај лице за контакт определено за таа намена, без дополнителни административни пречки и барања.)

Проектот е финансиран од Европската Унија

- Да се воспостави пракса на навремено објавување на предлогот и донесен буџет на веб страните на општините, и тоа во целост, со образложение кое ги содржи законски пропишаните информации
- Да се објавуваат буџетските програми, вклучувајќи ги и развојните, кои треба да содржат детални информации за приходите и расходите по различни класификации
- Предложениот и усвоениот буџет да содржат податоци за расходите/приходите по разни класификации за претходната и следните години

Проектот е финансиран од Европската Унија

- Предложениот и усвоениот буџет да содржат информации за состојбата на долгот
- Да се воспостави пракса на редовно и навремено објавување на кварталните извештаи за извршување на буџетите на веб страните на општините
- Навремено и редовно да се објавуваат службени гласници на веб страните на општините
- Да воспостават пракса на информирање (навремено) на граѓаните и да организираат средби за прибирање предлози од граѓаните за нивно интегрирање во предлог буџетите
- Да обезбедат доволен временски период за разгледување на предлог буџетот до неговото усвојување